Телефон: + 38946511000
Телефакс: + 38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб
6000 Охрид
Република Македонија

Бр. 02-343/4
Охрид, 9.4 2025 год.

Врз основа на член 173, став 2 во врска со член 166 став 3 и член 175, став 2 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/2018 и „Службен весник" бр. 154/2019, 178/2021 и 58/2024) и член 4 и член 37, став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, на седница одржана на ден 09.04.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
За потврдување на избор
во наставно-научно звање редовен професор

1. **СЕ ПОТВРДУВА изборот на д-р Атанас Христов во наставно-научно звање редовен професор**, научна област (2.02.00.14) - Компјутерски технологии и инженерство на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, извршен со Одлука за избор во наставно – научно звање редовен професор, арх. бр. 16-28/2 од 02.04.2025 година.
2. Со потврдувањето на изборот во наставно-научно звање редовен професор, д-р Атанас Христов **заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно**.
3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, на седница одржана на ден 02.04.2025 година, донесе Одлука за избор во наставно – научно звање редовен професор, арх. бр. 16-28/2 од 02.04.2025 година за избор на д-р Атанас Христов во наставно-научно звање редовен професор, од научна област (2.02.00.14) - Компјутерски технологии и инженерство на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, по распишан Конкурс, објавен на ден 25.02.2025 година, во дневните весници „Вечер" и „Коха", согласно Одлука за распишување конкурс, арх. бр. 16-23/1 од 24.02.2025 година.

Согласно член 173 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/2018 и „Службен весник" бр. 154/2019, 178/2021 и 58/2024) и член 4 и член 37, став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни,

наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле" Охрид, изборот на редовен професор извршен од страна на наставно-научниот совет на факултетот, го потврдува сенатот на универзитетот. Согласно член 175 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/2019, 178/2021 и 58/2024) редовниот професор на факултет, со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Сенатот на Универзитетот, на седница одржана на 09.04.2025 година, по разгледување на документацијата, констатира дека избраниот кандидат д-р Атанас Христов ги исполнува условите за избор во редовен професор утврдени со „Законот за високото образование" и со „Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори" на Универзитетот. Сенатот констатира и дека постапката е спроведена во целост согласно законските рамки односно дека не е сторена повреда на постапката за избор.

Од горенаведените причини, едногласно беше донесена одлука за потврдување на изборот на д-р Атанас Христов во наставно-научно звање редовен професор.

претседател на сенат,

проф. д-р Нинослав Марина

Доставено до: Архива
д-р Атанас Христов

Изготвил: Јорданка Цветкоска Атанасова, раководител на Одделение за општи и правни работи
Одобрил: д-р Љубица Топузовска, генерален секретар

Бр. 16-28/2
Охрид. 2.4 2025 год.

Врз основа на член 110 став 1 точка 8, член 166, член 175 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.154/2019, 178/2021 и 58/2024) и член 37 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид, наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид, на седница одржана на ден 02.04.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за избор во наставно- научно звање редовен професор

1. СЕ ИЗБИРА **д-р Атанас Христов** во наставно – научно звање редовен професор од научна област (2.02.00.14) - Компјутерски Технологии и Инженерство на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид.
2. Со изборот во наставно – научно звање редовен професор, д-р Атанас Христов **заснова работен однос на неопределено време и доживотно го задржува звањето редовен професор**.
3. Одлуката стапува на сила по потврдување на изборот во наставно – научно звање редовен професор од страна на Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид.

О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид распиша јавен конкурс, арх. бр. 04-225/1 од 25.02.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научна област Компјутерски Технологии и Инженерство (2.02.00.14) од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација, објавен на 25.02.2025 година во дневните весници „Вечер“ и „Коха”, согласно Одлука за распишување конкурс, арх. бр. 16-23/1 од 24.02.2025 година.

На конкурсот за избор на наставник од научна област Компјутерски Технологии и Инженерство (2.02.00.14) од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација се пријави д-р Атанас Христов.

Во согласност со член 173 од Законот за високото образование наставно-научниот совет на Факултетот за компјутерски науки и инженерство со одлука арх. бр. 16-25/2 од 07.03.2025 година, именува рецензентска комисија во состав:

- **Проф. д-р Нинослав Марина,** редовен професор на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технолгогии „Св. Апостол Павле" Охрид - претседател на комисија;
- **Проф. д-р Пеце Митревски,** редовен професор на Факултет за информатички и комуникциски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола – член на комисија
- **Проф. д-р Билјана Ристеска Стојкоска,** редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје - член на комисија;

Рецензентската комисија достави реферат арх. бр. 04-262/2 од 17.03.2025 година со заклучок и предлог до наставно – научниот совет да го избере кандидатот д-р Атанас Христов во наставно-научно звање редовен професор со вкупно 262.32 поени од наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност.

Рефератот беше објавен во во „Билтен", бр.2 (март 2025) арх. бр. 17-276/1 на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, од ден 17.03.2025 година.

Членовите на наставно – научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски науки во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле" Охрид откако ја разгледаа целокупната документација по објавениот конкурс констатираа дека се исполнети условите за избор на наставник во наставно- научно звање редовен професор и одлучија да го прифатат предлогот на рецензентската комисија и донесоа одлука како во диспозитивот.

Декан

Вонр. проф. д-р Александар Карадимче

Доставено до: Архива
Персонално досие
Д-р Атанас Христов
Сенат

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено:	17.3.2025		
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
04	264/2		

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ "КОМПЈУТЕРСКИ ТЕХНОЛОГИИ И ИНЖЕНЕРСТВО" НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ, ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" – ОХРИД, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со одлука бр. 16-25/2 донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски науки, при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле", Охрид (УИНТ) одржана на 07.03.2025 година, а врз основа на конкурсот за избор на наставник објавен на ден 24.02.2025 година во дневните весници "Вечер" и "Коха", како и на веб-страната на Унизерзитет за Информатички Науки и Технологии „Св. Апостол Павле"- Охрид, се формира Рецензентска комисија за избор на 1 (Еден) наставник во сите наставно-научни звања, во научна област "Компјутерски Технологии и Инженерство (2.02.00.14)" во состав:

- **Проф. д-р Нинослав Марина**, редовен професор на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при УИНТ, Охрид - **претседател;**
- **Проф. д-р Пеце Митревски**, редовен професор на Факултет за информатички и комуникциски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола - **член.**
- **Проф. д-р Билјана Ристеска Стојкоска,** редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје - **член**.

По разгледувањето на пријавите и поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски науки, при на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, му го поднесува следниот

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во дневните весници "Вечер" и "Коха", за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања, во научна област "Компјутерски Технологии и Инженерство (2.02.00.14)", со валидна пријава и квалификации, согласно општите услови утврдени со Законот за работните односи, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле"

Охрид, како и посебните услови утврдени во Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања, се пријави еден кандидат и тоа:

1. вон. проф. д-р Атанас Христов

1. Д-р Атанас Христов

Кандидатот д-р Атанас Христов со пријавата ги приложил сите потребни документи наведени во конкурсот, како и дополнителни документи со кои ги потврдува неговите научно/истражувачки, образовни и апликативни активности.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Вон. проф. д-р Атанас Христов е роден на 21.02.1985 во Битола, Р. Македонија. Основно и средно образование со одличен успех ги завршува во Битола. Во академската 2003/2004 се запишува на Факултетот за електроника и автоматика при Техничкиот Универзитет Софија, во Пловдив Р. Бугарија. Студиите по Компјутерски системи и технологии ги завршува во редовен рок со просечена оцена 8.23. Дипломската работа со највисока оцена ја одбранува на 12.07.2007 и се здобива со звање "Дипломиран инженер по компјутерски системи и технологии".

Веднаш потоа се запишува на две годишни магистерски студии на Факултетот за компјутерски системи и управување при Техничкиот Универзитет во Софија, Р. Бугарија. Студиите ги завршува во редовен рок со просечена оцена 9.43. Во 2009 година со највисока оцена ја брани магистерската теза и се стекнува со научно звање „Магистер по компјутерски системи и технологии - MSc".

Од 2010 до 2013 година ги следи докторските студии по Компјутерски системи и мрежи при Техничкиот Универзитет во Софија, Р. Бугарија. На 26.09.2013 година се стекнува со звањето Доктор по комуникациски и компјутерски системи, по успешната одбрана на докторската дисертација на тема „Resource Management Optimization in Multi-Core Platforms".

Во периодот од Октомври 2015 до Јуни 2016 година, остварува Пост-докторски научен престој на Универзитетот во Антверпен, Белгија, со стипендија финансирана од програмата на европската унија JoinEU-SEE-PENTA. За време на девет месечниот престој е дел од истражувачката група MOSAIC, каде работи на изработка на софтверски пакет за паралелна обработка и симулација генетски модификации кај растенијата.

Во Септември 2009 година кандидатот е избран Соработник во областа "Компјутерски науки" при Универзитетот за информатички науки и технологии во Охрид. Во 2012 година кандидатот е избран во втор мандат за соработник при наведениот Универзитет. Во периодот од 2011 до 2012 година кандидатот држи вежби по група предмети од областа на паралелно процесирање при Техничкиот Универзитет во Софија.

Во Септември 2015 година кандидатот е избран за истражувач во научното звање Научен Соработник во научната област "Архитектура на сметачки системи" на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии во Охрид.

Во Септември 2020 година кандидатот е избран за наставник во наставно-научното звање Вонреден Професор во научната област "Архитектура на сметачки системи" на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии во Охрид.

Од почетокот на својата научна карирера, кандидатот учествувал на повеќе меѓународни семинари, конференции и школи, каде презентирал свои трудови од областа на компјутерските науки. Воедно кандидатот има објавено и повеќе трудови во меѓународни научни списанија од областа на компјутерските науки. Добитник е и на неколку стипендии и школарини за научни престои, истражување и посета на школи и работилници од областа на компјутерските науки, како и тригодишна стипендија за научно истражување за време на докторските студии, и десетмесечна стипендија за пост докторски престој на Универзитетот во Антверпен, Белгија. Кандидатот активно е вклучен во научно-истражувачка работа како соработник и координатор на неколку домашни и меѓународни научно-истражувачки проекти.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од самото основање на Универзитетот во 2009 па се до 2015 година, кандидатот работи како Соработник во областа компјутерски науки, каде држи вежби по повеќе предмети. Од 2015 година, кандидатот е избран за научен соработник, звање кое согласно член 183 од ЗВО е еквивалентно на звањето Доцент, при што држи предавања и вежби по повеќе предмети. Од 2020 година, кандидатот е избран за вонреден професор, при што држи предавања и вежби по повеќе предмети. Кандидатот има учествувано и на неколку научни школи и работилници во Хрватска и Обединетото Кралство.

Во изминатите 5 години, кандидатот на УИНТ држел предавања на прв циклус студии по следните предмети:

1. Вовед во Програмирање
2. Објектно-ориентирано програмирање
3. Комуникациски протоколи
4. Паралелно процесирање на податоци
5. Организација и архитектура на сметачки системи
6. Оперативни системи
7. Компјутерски компоненти
8. Информациски и комуникациски технологии
9. Паралелно програмирање

Во изминатите 5 години, кандидатот на УИНТ држел предавања на втор циклус студии по следните предмети:

1. Аналитика на големи податоци
2. Напредни дистрибуирани технологии
3. Моделирање на податоци

4. Мултиплатформско програмирање
5. Обработка со високи перформанси

Во изминатите 5 години, кандидатот на УИНТ држел вежби по следните предмети:

1. Паралелно процесирање на податоци
2. Организација и архитектура на сметачки системи
3. Компјутерски компоненти
4. Оперативни системи
5. Паралелно програмирање
6. Вовед во Програмирање
7. Информациски и комуникациски технологии
8. Комуникациски протоколи
9. Објектно-ориентирано програмирање

Кандидатот, во извештајниот период, учествува во 14 комисии за оценка и одбрана на дипломски работи како ментор, и во 32 комисии како член. Кандидатот, во извештајниот период, бил ментор на 2 магистерски работа, и учествувал како член во 5 комисии за одбрана на магистерска работа.

Д-р Христов учествува во креирањето на елаборати и силабуси за наставни програми и соодветни предмети за постдиплоски студии на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност. Кандидатот учествува и во централна универзитетска комисија за изработка на елаборати за втор и трет циклус студии на УИНТ, Дополнително учествува и во Универзитетски комисии за самоевалуација, издавачка дејност, спроведување на студентски избори, за упис на нови студенти, за наставна и научна дејност, за признавање на испити и пренесување на кредити и др.

Од самото основање на УИНТ, кандидатот активно учествува во голем број на промотивни активности за афирмација на Универзитетот.

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ СО СПИСОК НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Од самиот почеток на академската кариера кандидатот интензивно се бави со научно/истражувачка дејност и како резултат на тоа објавува повеќе трудови на меѓународни научни конференци и списанија од полето на компјутерските науки.

Во овој извештаен период, Д-р Атанас Христов како автор или коавтор ги објавил следните трудови:

1. Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет

[1] *"ARTICONF decentralized social media platform for democratic crowd journalism"; I. R. Lima, V. Filipe, C. Marinho, A. Ulisses, A. Chakravorty, Atanas*

Hristov, N. Saurabh, Z. Zhao, R. Xin, R. Prodan; Social Network Analysis and Mining, (2023) 13:116. Journal IF - 2.8

Во овој труд е дел од резултатите на научно-истрачувачкиот проект ARTICONF. Трудот предлага доверлив, еластичен и глобално одржлив збир на алатки за развој на децентрализирани апликации (DApps). Неговата цел е да ги надмине предизвиците поврзани со приватноста, довербата и автономијата поврзани со сопственичките платформи за социјални медиуми преплавени со лажни вести преку воведување на нова DApp за новинарство на толпата наречена MOGPlay.

2. Труд со оригинални научни резултати, објавен во рефернтно научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор

[2] "Log Analysis with Hadoop MapReduce "; Gligor Risteski, Mihiri Chathurika, Beyza Ali, Atanas Hristov; Journal of Emerging Computer Technologies, Vol 1, No.1, June 2021.

Во оваој труд, извршена е анализа со помош на Hadoop и користење на две виртуелни машини. Логови генерирани од Python скрипта се анализирани со цел да се проценат активностите на системот. Целта е да се потврди важноста на Hadoop во исполнувањето на предизвикот за справување со Big Data. Извршените експерименти покажуваат дека анализата на логовите со Hadoop MapReduce ја прави обработката на податоците и откривањето на дефекти и дефекти побрзо и поедноставно.

[3] "HOW DATA ENGINEERING AND BIG DATA ANALYTICS CAN CONTRIBUTE INTO INTRODUCING INTELLIGENCE IN BUSINESS: A CASE STUDY"; Olga Petan, Ljubinka G. Sandjakoska, Atanas Hristov; Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, Vol 4, No.1, June 2021.

Во овој труд е претставена детална постапка и можни начини за воведување на бизнис интелигенција. Како студија на случај, се прави сеопфатна анализа на страница за е-трговија. Анализата вклучува сегментација на корисници, анализа на конверзија, анализа на производи и анализа на рекламни кампањи. Процесот на инженерство на податоци резултира со важни наоди: документи и контролни табли. Наодите даваат дополнителна вредност за вработените и за автоматизација на деловните процеси со цел истите да ги направат "поинтелигентни".

[4] "Secondary Structure Prediction of RNA using Convolutional Neural Networks"; B. Chauleva, Atanas Hristov, U. R. Shikoska, L. G. Sandzakoska ; International Journal of Student Project Reporting, DOI: 10.1504/IJSPR.2021.10041993, February 2022.

Работата презентирана во овој труд ги разгледува најсовремените техники за предвидување. Методот на длабоко учење се користи за да се забрза и да се зголеми нивото на точност. Понатаму, современите конволутивни невронски мрежи се користат за предвидување на секундарна структура на РНК бидејќи истиот се смета за попрецизен и поефикасен пристап. Направена е и споредба на резултатите од евалуацијата со постоечките методи, што ја докажува успешноста на предложениот алгоритам.

[5] "Overview and performance analysis of the latest supercomputer "; T. Saferi, F. Doko, Atanas Hristov ; Journal of UIST, ISSN 2955-182X, Vol. 3 (No. 1), 2023

Во овој труд е даден осврт кон перформансите на најдобрите суперкомпјутери, рангирани според реномирната страница top500. Основниот фокус е насочен кон техничките спецификации, карактеристиките на изведбата и апликациите на овие системи. Преку соодветна анализа, обезбеден увид во моменталната состојбата на најдобрите суперкомпјутери и истакнати се клучните трендови и иновации во оваа област.

[6] "Mathematical modelling of scalability and performance testing methods for evaluating server capabilities"; D. Runchevski, Atanas Hristov, A. Rushiti; Journal of UIST, ISSN 2955-182X, Vol. 4 (No. 1), 2024

Овој истражувачки труд ги истражува различните методологии за тестирање кои се дизајнирани да ги проценат карактеристикте на серверите во однос на приспособливоста и перформансите. Трудот ги опфа различни методологии за тестирање, кои се движат од стрес-тестирање и тестирање на оптоварување до профилирање на перформанси и бенчмаркинг. Трудот го нагласува значењето на овие методологии во оценувањето како серверот ќе одговори при различни оптоварувања и сообраќајни услови, со што им се овозможува на администраторите и рганизациите да ги идентификуваат потенцијалните тесни грла и да ги оптимизираат конфигурациите на серверо.

3. Дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД

[7] M. Damar, O. Aydin (Editor); G. Risteski, M. Chathurika, B. Ali, Atanas Hristov, B. Nur Kars, E. YİĞİT, S. M. Eftimova, A. M. Bogdanova, V. Trajkovik, Ö. Doğan, O. Şahin, E. Karaarslan (2021), "Emerging Computer Technologies" by Izmir Akademi Derneg, ISBN: 978-605-71029-2-8, November 2021.

Оваа книга има неколку делови кои ги опфаќаат модерните предизвици со кои се соочуваа компјутерската наука. Д-р Христов се појавува како автор во првиот дел од книгата во кој е изложена студија на случај со примена на Hadoop.

4. Труд со оригинални стручни-научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен-стручен собир со меѓународен уредувачки одбор

[8] "Social Data Analytics for Enhancing the Collaborative Economy"; M. Sefidanoski, Atanas Hristov, A. Karadimce, N. Panukoska, N. Marina; Proceeding of 5th International Symposium on Multidisciplinary Studies and Innovative Technologies (ISMSIT); IEEE; October 2021

Овој труд ја претставува идејата за воведување на нов термин за социјална соработка, кој придонесува да зголемување на влијанието во индустријата и ефективноста на тактиките и стратегиите помеѓу повеќе луѓе, групи или одделенија. На тој начин, процесот на одлучување поврзан со приходите ќе има корист од оваа новодефинирана метрика наречена Поврат на соработка (ROC - Return of collaboration).

[9] "Tools for Analytics and Cognition for Crowd Journalism Application"; N. Panukoska, Atanas Hristov, A. Karadimce, N. Marina, M. Sefidanoski,; Proceeding of 13th EAI International Conference on e-Infrastructure and e-Services for Developing Countries - EAI AFRICOMM; Zanzibar, Tanzania; December 2021.

Во овој труд, развиените алатки претставуваат аналитички софтвер за интелигентна агрегација, спознание и интерактивна визуелизација. Претставена е студија на случај преку изградба на интеарктивен дашборд за т.н. новинарство од толпа (crowd journalism). Корисникот добива пристап до аналитички дашборд со значајни деловни аспекти на предвидувања преку визуелизација.

[10] "EHR system tracks prisoner's data across countries to monitor COVID-19 in U.S. State and Federal Prisons"; O. Simonoski, I. Mitreska, D. C. Bogatinoska, Atanas Hristov; Proceeding of IEEE 2022 5th International Conference on Information and Computer Technologies - ICICT; New York, USA; March 2022.

Главната цел на овој труд е изградба на систем кој ја визуелизира врската помеѓу дневните податоци за смртни случаи државните и во федералните затвори во САД. За да постигнување на оваа цел авторите ги комбинираат податоците за стапките на случаи инфицирани со КОВИД-19 и смртните случаи со цел да се покаже дека државните затвори постојано пријавуваат поголема стапка на КОВИД-19 отколку федералните затвори. Добиените резултати се имплементираат преку Електронските системи за здравствена евиденција.

[11] "MOGPlay: A Decentralized Crowd Journalism Application for Democratic News Production"; I. R. Lima, C. Marinho, V. Filipe, A. Ulisses, N. Saurabh, A. Chakravorty, Z. Zhao, Atanas Hristov, R. Prodan; Proceeding of IEEE/ACM International Conference on Social Networks Analysis and Mining - ASONAM 2022; Istanbul, Turkey, (Hybrid), 10-13 November 2022.

Основната цел на ова истражување е да се воведе нов начин на изградба на демократски и доверливи вести, потпирајќи се на обичните граѓани кои пристигнуваат до локациите за вонредни вести и снимаат релевантни видеа со помош на нивните паметни телефони. MOGPlay собира и управува со аудио-визуелна содржина генерирана од граѓаните и обезбедува безбедна блокчејн платформа која ги наградува сите засегнати страни вклучени во професионалното производство на вести.

[12] "Social Media Use by Businesses in Europe"; A. Velkoska, Atanas Hristov; Proceeding of 16th international conference ICT innovations; Ohrid, Macedonia, 28-30 September 2024.

Овој труд го истражува длабокото влијание на социјалните медиуми во Европа како клучна алатка за бизнисите, нагласувајќи го нивниот неспоредлив потенцијал за достапност, вмрежување и интерактивен ангажман. Со регресивна анализа, авторите докажаваат дека користењето на социјалните медиуми за која било намена и за која било големина на претпријатие следи речиси линеарен тренд.

[13] "COVID-19 Pandemic Management: A Cloud-Based Electronic Health Record System"; I Mitreska, A. Velkoska, D. C. Bogatinoska, Atanas Hristov; Proceeding of the International Conference on Advanced Research in Technologies, Information, Innovation and Sustainability (ARTIIS 2024); Santiago de Chile, Chile, 21-23 October 2024.

Оваа студија воведува електронска здравствена евиденција базирана на облак (EHR), систем прилагоден за ефикасно управување со пандемијата на коронавирус (COVID-19). Среде глобалните здравствени предизвици, најважен аспект е робусното управување со податоците за пациентити, поради што се потребни иновативни решенија. Искористувајќи ја технологијата за пресметки во облак, предложениот систем нуди предности за приспособливост и пристапност во однос на традиционалните EHR системи.

Научно-истражувачката дејност на д-р Христов, дополнително е поткрепена со развојот на софтверски пакет за аналитика на големи податоци, како дел од научниот проект "smART social media eCOsytstem in a blockchaiN Federated environment (ARTICONF)".

Во извештајниот период, кандидатот исто така рецензирал научни трудови за неколку меѓународни конференции и журнали.

УЧЕСТВО ВО НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНИ (НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ) ПРОЕКТИ

Кандидадот д-р Христов учествувал на неколку национални и меѓународни научно/истражувачки и стручно/апликативни проекти, од кои се произлезени

погоре наведените трудови. Во извештајниот период, кандидатот успешно работи на следните проекти:

- Раководител е на национален проект "Паметно земјоделство - дигитална трансформација на земјоделството базирана на ИоТ", финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој (2023-2025).
- Раководител е на национален проект "Дигитална трансформација водена од вештачка интелигенција во паметни производни системи", финансиран од Министерство за економија и труд (2024-2025).
- Работи како учесник на проектот "smART socIal media eCOsytstem in a blockchaiN Federated environment (ARTICONF)" founded by the European Union's Horizon 2020 research and innovation programme under grant agreement No 825134 (2020-2022).
- Работи како учесник на проектот "UIST - Prime Blue Accelerator - Promoting blue-tech and green-tech startups in the Ohrid Lake region" founded by GIZ - Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit and co-founded by the EU (2022-2025)

Меѓувремено, кандидатот има аплицирано на повеќе национални и меѓународни проекти. Д-р Христов активно учествува и како член во извршните тела (Management Committee) и работните групи на COST Action CA20120-Intelligence-Enabling Radio Communications for Seamless Inclusive Interactions (INTERACT), CA22137 - Randomised Optimisation Algorithms Research Network (ROAR-NET), COST Action CA16101 - MULTI-modal Imaging of FOREnsic SciEnce Evidence - tools for Forensic Science и COST Action CA23135 - Bringing Digital Data and Reality Together - Augmented Reality in Forestry (ARiF), каде активно се бави со научно-истражувачка дејност преку учество на научни собири, состаноци на работни групи, учество на школи, обуки и работилници во Шпанија, Белгија, Франција, Обединетото Кралство, Данска, Финска, Австрија и др.

УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, НАУЧНИ СОБИРИ И РАБОТИЛНИЦИ

Во овој извештаен период, кандидатот учествува на повеќе конференции и работилници, а на 5 од нив има презентации каде што ги презентира неговите трудови:

1. 5th International Symposium on Multidisciplinary Studies and Innovative Technologies (ISMSIT); IEEE; October 2021.
2. 13th EAI International Conference on e-Infrastructure and e-Services for Developing Countries - EAI AFRICOMM; Zanzibar, Tanzania; December 2021.
3. IEEE 2022 5th International Conference on Information and Computer Technologies - ICICT; New York, USA; March 2022
4. IEEE/ACM International Conference on Social Networks Analysis and Mining - ASONAM 2022; Istanbul, Turkey, 10-13 November 2022.
5. Internat16th international conference ICT Innovations; Ohrid, Macedonia, 28-30 September 2024.
6. International Conference on Advanced Research in Technologies, Information, Innovation and Sustainability (ARTIIS 2024); Santiago de Chile, 21-23 October 2024.

7. 10th Scientific Meeting of CA20120, Intelligence-Enabling Radio Communications for Seamless Inclusive Interactions, Dublin, Ireland, January 2025
8. International conference on Emerging Biomaterials and Regenerative Cardiology and Neurology, Prague, Czech Republic, 27-29 July, 2021.
9. 6th NexusLinguarum Plenary Meeting, Athens, Greece, 20-21 March 2024.

Меѓувремено, кандидатот учествувал и на неколку докторски и пост-докторски школи и работилници во странство:

1. 5th Summer Datathon on Linguistic Linked Open Data (SD-LLOD-23), 12-16 June 2023, Zagreb, Croatia.
2. "Geochemobrionics": Self-Organization in Geological Systems, 06-09 June 2022, Edinburgh, United Kingdom.

СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Д-р Атанас Христов има широк спектар на стручно апликативни и дејности од поширок интерес:

1. Член е на универзитетскиот Сенат на УИНТ и тоа во два мандати: 2021-2024 и 2024-2027. Два пати бил избран и за претседател на универзитетскиот Сенат и тоа во 2021 и 2022 година.
2. Уредник на меѓународно научно-стручно списание "Journal of UIST" *ISSN 2955-182X.*
3. Член е на програмски одбор на меѓународните конференции:
   - "NECABIO Internation Conference" - Prague, 27-29 July 2021.
   - "5th International Conference on Information and Computer Technologies - ICICT"; New York, USA; March 2022.
   - "Intel4EC 2022 workshop ON INTELLIGENT AND ADAPTIVE EDGE-CLOUD OPERATIONS AND SERVICES"; Portland, Oregon, USA, December 6-9, 2022.
   - 6th International Conference on Information and Computer Technologies - ICICT; Raleight, USA; March 2023.
   - 7th International Conference on Information and Computer Technologies - ICICT; Hawaii, USA; March 2024.
4. Бил член на различни универзитетски и факултетски комисии во рамките на УИНТ.
